| План со временски рокови за подготовка на фискална стратегија | |
|---|---|
| **Временска рамка** | **Активности** |
| до 1 Март | Сектор за буџети и фондови доставува допис/циркуларно писмо до секторите во рамки на Министерството за финансии и други институции за добивање на податоци за подготовка на фискална стратегија за следните 5 години |
| до 10 Март | Министерството за финансии доставува допис/циркуларно писмо за фискална стратегија со насоки за подготовка на фискалната стратегија до буџетски корисници за следните 5 години |
| 10 Март -20 Март | Буџетски корисници на Буџетот на државата подготвуваат фискални проекции врз основа на постојно законодавство и постојни обврски (основно сценарио) и предлог за нови проекти и нови финансиски обврски (нови иницијативи) |
| 20 Март -31 Март | Министерство за финансии ги анализира добиените податоци, изработува основно сценарио и нови иницијативи, како основа за подготовка на Фискална стратегија за 5 години |
| 1 Април-10 Април | Министерството за финансии основното сценарио, новите иницијативи и фискалниот простор за нови иницијативи ги доставува до Владата на Република Северна Македонија за разгледување. |
| 10 Април-15 Април | Владата на Република Северна Македонија го усвојува основното сценарио и новите иницијативи за финансирање |
| 15 Април-25 Април | Министерство за финансии ги анализира добиените податоци од Владата за основното сценарио и новите иницијативи, како и ја подготвува финалната верзија на Предлог Фискалната стратегија за 5 години |
| 25 Април-30 Април | Владата на Република Северна Македонија ја донесува Фискалната стратегија |
| најдоцна до 30 Април | Владата на Република Северна Македонија донесената Фискална стратегија ја доставува до Собранието на Република Северна Македонија и до Фискалниот совет |
| најдоцна до 30 Април | Министерството за финансии ја објавува фискалната стратегија на својата веб-страница |
| најдоцна до 20 јуни во тековната фискална година | Собранието на Република Северна Македонија ја разгледува фискалната стратегија |

*Објавено на страната на Министерство за финансии на 13.01.2023 година